ЗАПИСНИК
од 2-та седница на Советот
одржана на 13.01.2009 година

Присутни членови на Советот: Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, проф. д-р Али Алиу, Панче Наумов и Фарук Омерагиќ.

Отсутни: /

Присутни од Стручна служба: Андриана Скерлев-Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, Драгица Љубевска, Виктор Шиков, Сашо Богдановски, Горан Радуновиќ, Арбен Саити.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи да се вметне нова точка во Дневниот ред, и тоа: под реден број 3 да биде точката - "План на активности на Советот за радиодифузија на РМ за престојните локални и претседателски избори во март 2009 година ", а точката "Разно" да биде точка број 4.

Предлогот беше прифатен од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

Дневен ред

1. Усвојување на Записникот од 1-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 08 јануари 2009 година.
2. Информација за предностите за инвенститорите во државните хартии од вредност, доставена од Министерството за финансии на РМ.
3. План на активности на Советот за радиодифузија на РМ за престојните локални и претседателски избори во март 2009 година.
4. Разно

Точка 1

Записникот од 1-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 08 јануари 2008 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

Точка 2

Во врска со предложената Информација за предностите за инвеститорите во државните хартии од вредност, доставена од Министерството за финансии на РМ, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои Информацијата за предностите за инвеститорите во државните хартии од вредност, доставена од Министерството за финансии на РМ. Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи да учествува на следната аукција за откуп на Државни хартии од вредност на 20 јануари 2009 година, тргувањето да се изврши преку сметката на Комерцијална Банка и да бидат купени Државни записи во номинална вредност од 35 милиони денари.

Точка 3

Советот за радиодифузија на РМ го разгледа предложениот План на активности на Советот за радиодифузија на РМ за престојните локални и претседателски избори во март 2009 година и донесе заклучок да се усвои Планот на активности на Советот

за радиодифузија на РМ за престојните локални и претседателски избори во март 2009 година. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да испрати известување до сите трговски радиодифузни друштва, во кое ќе ги потсети на обврската за доставување ценовник за рекламирање на кандидатите за изборите, како и правилник за медиумско претставување. Исто така, Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира 8 работилници, и тоа во: Скопје, Тетово, Охрид, Битола, Струмица и Штип. Работилниците треба да се одржат во функција на медиумско покривање на изборната кампања за престојните локални и претседателски избори во март 2009-та година. Беше задолжен и Секторот за правни работи да направи Информација, во која ќе ги вгради сите досегашни прекршувања на Изборниот законик и на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања, кои радиодифузерите ги направиле при медиумското покривање на досегашните избори. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да направи и Информација, во која ќе ги вгради сите досегашни облици на медиумско претставување кои се појавиле пред почетокот на изборна кампања, а се третирале како прекршување на Изборниот законик и на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

Точка 4
Разно.

Бр. 02-390/2
02.02.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ